ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

**Член 1**

Во Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија" број 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12 и 93/13), во член 1-б став 1, точка (г) се менува и гласи:

„други увозни и извозни давачки, преференцијални тарифни мерки, автономни мерки, стапките на данокот на додадена вредност и акциза, и други тарифни и нетарифни мерки при увоз и извоз на стока."

**Член 2**

Во членот 5 став 1, зборот „декември" се заменува со зборот „ноември".

**Член 3**

По членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

"Член 5-а

Интегрираната царинска тарифа ќе се користи од страна на Царинска управа за примена на мерките што се однесуваат за увоз во и извоз од Република Македонија."

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од член 5-а од овој закон, кои ќе отпочнат да се применуваат во рок од 30 дена по ставањето во употреба на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Со предложените измени и дополнувања на Законот за Царинската тарифа ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12 и 93/13), се врши натамошно усогласување на нормативниот дел на овој закон со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа Царинска тарифа, односно се исполнува обврската за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, како земја кандидат, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа.

Со измената на членот 1-б став 1 , точка (г), во Законот се опфаќаат сите тарифни и нетарифни мерки што ги содржи интегрираната царинска тарифа.

Со измените во членот 5-б став 1 се задолжува Владата на Република Македонија Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа согласно измените на Комбинираната номенклатура донесени од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единечните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави да ја донесува до крајот на месец ноември, а не како досега до крајот на месец декември. Измената е потребна заради навремено ажурирање на интегрираната царинска тарифа. Имено, секоја година Европската комисија донесува измени на тарифни броеви во Комбинираната номенклатура, а кои сме обврзани да ги имплементитраме во нашиот Закон за Царинската тарифа, што повлекува и интегрирање  на голем број на тарифни и нетарифни мерки за кои е потребен временски период за нивно ажурирање.

По членот 5 се додава нов член 5-а во кој се вели дека Интегрираната царинска тарифа ќе се користи од страна на Царинска управа за примена на тарифните и нетарифните мерки што се однесуваат за увоз во и извоз од Република Македонија.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените измени  во законот се  исполнува обврската за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, како земја кандидат, а воедно се обезбедува и правна основа за еднообразна примена на Царинската тарифа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на овој закон ќе се овозможи исполнување на обврската за транспонирање на националното законодавство утврдена во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

# И З В О Д
од одредбите од Законот за Царинската тарифа кои се изменуваат и дополнуваат

## Член 1-б

Интегрираната царинска тарифа ги содржи:
(а) Царинската тарифа;
(б) дополнителни ознаки кои се применуваат за одредени специфични мерки на Република Македонија кои не се опфатени со деветтата и десеттата цифра;
(в) сите информации неопходни за имплементирање или управувањето со тарифните ознаки и дополнителните ознаки;
(г) други увозни и извозни давачки, преференцијални тарифни мерки и други тарифни мерки, автономни мерки, како и стапките на данокот на додадена вредност (ДДВ) и акциза.

## Член 5

За усогласување и менување на Царинската тарифа согласно со измените на Комбинираната номенклатура донесени од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, Владата на Република Македонија донесува одлука најдоцна до крајот на декември во тековната година, која ќе се применува од 1-ви јануари следната година.
Одлуката од став 1 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија”.
Распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија го пропишува Владата на Република Македонија.
Прописите од став 3 на овој член Владата на Република Македонија ги донесува во рок од три месеци од денот на објавувањето на регулативите на Европската комисија во „Службен весник на Европската унија”.
Царинската Управа ќе врши :
- интегрирање на сите тарифни и нетарифни мерки,
- определување на дополнителните ознаки на интегрираната царинска тарифа,
- ажурирање на интегрираната царинска тарифа, веднаш и
- објавување на интегрираната царинска тарифа во електронска форма со користење на компјутеризиран систем, кога тоа е возможно.

## Член 5 - а

Интегрираната царинска тарифа ќе се користи од страна на Царинската управа за примена на тарифните и нетарифните мерки што се однесуваат за увоз во и извоз од Република Македонија.